# З А П И С Н И К
**од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 10.7.2018 година**

**Скопје, јули 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 10.7.2018 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, членовите на Владата на Република Македонија Рената Дескоска, министерка за правда, Драган Тевдовски, министер за финансии, Крешник Бектеши, министер за економија, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Асим Муса, заменик на министерот за здравство, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија, Никола

Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

✓ Усвојување на Записникот од 76-та седница на Владата, одржана на 26.6.2018 година

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна сметка за 2017 година, Извештај за работењето на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2017 година, со Извештај од независниот ревизор, со Предлог-одлука и дополнувања кон материјалот

2. Информација за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, со Предлог-одлука

3. Информација за одобрување на распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2017 година, со Предлог-одлука

4. Информација за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2017 година, со Предлог-одлуки

5. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран

со кредит за долгорочно задолжување од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР)

6. Предлог-одлука престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

7. Информација за потребата за обезбедување на административно-деловен простор за Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

8. Одлука за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија издадени од СТЕЛ-ЕР АД, Штип, број 02-1818/1 од 13.4.2018 година, со Предлог-одлука

9. Барање за донесување на Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

10. Информација за давање на трајно користење движни ствари на општини, со Предлог-одлуки

11. Информација за давање движни ствари на трајно користење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми - Македонски шуми, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижни ствари на Град Скопје

**б) Економски систем и тековна економска политика**

13. Информација за продажба на недвижни ствари во Охрид сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Охрид (м.в.„Дупки“, запишани во Имотен лист број 596 за КО Рамне)

14. Информација за продажба на недвижни ствари во Прилеп сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп (ул. „П. Котеска“ запишани во Имотен лист бр.32540 за КО Прилеп)

15. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, со Предлог-програма

16. Информација во врска со склучување на анекс на договори за концесија со концесионерот ИМПГ ДООЕЛ Скопје

17. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини 2/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/18), со Предлог-одлука

18. Информација во врска со потпишување на Меморандум за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Косово, со усогласен текст на Меморандум

19. Информација за потпишување на Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија за фитосанитарна соработка, со усогласен текст на Спогодба

20. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги МАГАН-МАК ДОО експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

21. Предлог-упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа

22. Предлог-упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа

23. Информација за проблемите во функционирањето на противпожарната заштита во територијалните противпожарни единици на територијата на Република Македонија од аспект на надлежностите на Министерството за внатрешни работи

24. Информација за статусот на под-проектот „Изградба на воспитно поправен дом за малолетници „Тетово“ Општина Брвеница“

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

25. Информација со барање за отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка и Акционен план за реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево - втора фаза

26. Информација за спроведена постапка по објавен оглас за избор на Национален координатор за трансплантација на Република Македонија, со Предлог-решение

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

27. Предлог-одлука за утврдување на листа на стоки и технологии со двојна употреба

28. Предлог-одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и јаглеороден двооксид CO2 на локалитетот „Попојци”, во близина на с. Долно Оризари, Општина Битола

29. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „С.Извор”, Општина Чашка

30. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - оникс и травертин на локалитетот „Поле” с.Бешиште, Општина Прилеп

31. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „Белутраци”, с.Крива Круша, Општина Чашка

32. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Виничко Поле”, Општина Виница

33. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Идризово”, Општина Гази Баба

34. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Бадар Летевци”, Општина Петровец

35. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за трговија, производство и услуги МИНЕРАЛ-ГРУП ДОО Струмица

36. Предлог-решенија за формирање комисија за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони

### б) Политички систем

37. Предлог-одлука за определување на бројот на кандидатите кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, во студиската учебна 2018/2019 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Општина Росоман

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

41. Понуда од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1836 и Имотен лист бр.26787 за КО Јурумлери на КП бр.435

42. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93497 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.12665 и КП бр.12666 и КП бр.12662 викано место Лака

**д) Други предлози**

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

45. Извештај за извршувањето на судскиот буџет за 2017 година

46. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за периодот 1.1.2018 година до 31.3.2018 година

47. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година, со дополнување кон материјалот

48. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година

49. Извештај за реализација на Оперативниот план на активностите за имплементација на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност за 2017 година

50. Информација за склучување на нови договори за користење на капацитетите за сместување и исхрана на студенти со Приватната установа Студентски дом „Хилјадников“ во Штип , Приватната установа Студентски дом „ОАЗА“ во Штип и со Приватната установа Студентски дом „Логос“ во Штип

51. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за мај 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

52. Информација за Четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, Брисел, 13 јули 2018 година, со платформа за настап на македонската делегација

53. Информација за можноста за барање за упатување на предметот Бекташиска заедница и др. против Република Македонија, А.бр. 48044/10, 75722/12 и 25176/13, пресуда на Европскиот суд за човекови права од 12.4.2018 година до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права

54. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „THRACIAN SUMMER 18“, во Република Бугарија

55. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на НАТО „КФОР“ во Република Косово

56. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан

57. Информација за потребата од формирање на работна група за координација и следење на имплементацијата на мерките содржани во Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017 година) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО

58. Информација за доставување на книги од проектите „Светско книжевно богатство” и „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа” со Прилог-листи за достава на книгите од проектите

59. Информација за давање на согласност за распишување на јавен оглас бр.04/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

60. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за давање на заем на 11 ОКТОМВРИ - ЕУРОКОМПОЗИТ АД - Прилеп

61. Предлог-одлука за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје во државна сопственост (во врска со донесувањето на Одлуката УО бр.02-4359/1 од 10.7.2018 година за склучување на Договор за позајмица на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ“ АД Прилеп)

*

*        *

**Владата без забелешки го усвои Записникот од 76-та седница на Владата, одржана на 26.6.2018 година**

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната сметка за 2017 година, Извештај за работењето на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2017 година, со Извештај од независниот ревизор, со Предлог-одлука и дополнувања кон материјалот, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Кабинетот на замeникот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да побара од сите општини кои се корисници на вода од ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип да дадат пресек на состојбата на пречистителните станици и користењето на водата, со акциски план за доведување на истите во планираната проектирана состојба на системите.

Воедно, се задолжува ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип, да ја забрза постапката за изработка на физибилити студија за малите хидроцентрали со цел значително подобрување на финансиската состојба на претпријатието.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по новиот текст на Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, со Предлог-одлука и заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2017 година, со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

2. Министерството за финансии да го извести Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје на која сметка да изврши уплата на средствата од продажбата на деловниот простор.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2017 година, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2017 година (Шеваљ Цеку - извршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2017 година (Јасна Оровчанец - Арангеловиќ - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2017 година (Булент Камбер - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од 7 дена да организира средба со Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Управниот одбор на АД М-НАВ, Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија и Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања во врска со реализацијата на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР.

**Точка 6**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за обезбедување на административно-деловен простор за Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати проблемот со обезбедување на административно - деловен простор да го реши во соработка со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје во рамките на деловниот простор кој го поседува друштвото.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од 30 дена, да подготват и до Владата да достават соодветно можно законско решение за начинот на продажба на деловниот простор сопственост на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на други државни органи.

**Точка 8**

Владата по Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија издадени од СТЕЛ-ЕР АД, Штип, број 02-1818/1 од 13.4.2018 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија издадени од СТЕЛ-ЕР АД, Штип, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа Барањето за донесување на Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука и по Барањето ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење движни ствари на општини, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип, во предложениот текст.

8. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

9. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

10. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

11. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево, во предложениот текст.

12. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид, во предложениот текст.

13. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани, во предложениот текст.

14. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање движни ствари на трајно користење на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми - Македонски шуми, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми - Македонски шуми - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижни ствари во Охрид сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Охрид (м.в. „Дупки“, запишани во Имотен лист број 596 за КО Рамне), ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на недвижни ствари во Охрид, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Прилеп сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп (ул. „П.Котеска“ запишани во Имотен лист бр.32540 за КО Прилеп), со прилозите кон неа, ја усвои и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, со Предлог-програма (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на анекс на договори за концесија со концесионерот ИМПГ ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи анекси на договорите за концесија за вода за

производство на електрична енергија од мали хидроелектрани со кои ќе се уреди измената на координатите на машинската зграда и на зафатот, обврската за доплата на еднократниот концесиски надоместок и обврската за надополнување на гаранцијата за изведба за:

- Локација бр.158 Кадина река на концесионерот ИМПГ ДООЕЛ Скопје, и
- Локација бр.353 Зрновска река на концесионерот ИМПГ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини 2/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/18), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини по Јавен повик за доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на метални минерални суровини 2/2018, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потпишување на Меморандум за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Косово, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Косово.

2. Се овластува министерот за економија, Крешник Бектеши, да го потпише Меморандумот за разбирање во енергетскиот сектор помеѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економкси развој на Република Косово.

**Точка 19**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потпишување на Спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија за фитосанитарна соработка, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот најнов текст на Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија за фитосанитарна соработка.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, да ја потпише Спогодбата помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија за фитосанитарна соработка.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги МАГАН-МАК ДОО експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го донесе Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата, да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за економија, во насока, во иднина да организира обуки за вработените во министерствата и другите органи на државната управа, со цел поефикасно спроведување на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата, при подготовката на новата методологија за стратешко планирање да ги има предвид мерките и активностите предвидени во Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, како и промените што ќе настанат со новиот начин на буџетирање.

## Точка 22

Владата го донесе новиот текст на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за економија, во насока, во иднина да организира обуки за вработените во министерствата и другите органи на државната управа, со цел поефикасно спроведување на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите во функционирањето на противпожарната заштита во територијалните противпожарни единици на територијата на Република Македонија од аспект на надлежностите на Министерството за внатрешни работи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во рок од еден месец да ја информира Владата за статусот на активностите на Проектниот комитет во областа на противпожарната заштита, како и за преземените мерки за надминување на проблемите во наведената област.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Дирекцијата за заштита и спасување, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Противпожарниот сојуз на Македонија, да ги координира активностите во областа на противпожарната заштита, особено од аспект на утврдување на органот на државна управа кој би се јавил во улога на носител и предлагач на Законот за пожарникарството.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на под-проектот „Изградба на воспитно поправен дом за малолетници „Тетово“ Општина Брвеница“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкции да изработи дополнување на проектната документација, со која Министерството за транспорт и врски ќе ги одобри измените и ќе издаде решение кое ќе биде составен дел на издаденото Одобрение за градење.

2. Владата даде одобрение на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции за промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучените договори за изградба на објектите во ВПД Тетово, Општина Брвеница со изведувачот ДГТ „Жикол“ ДООЕЛ експорт - импорт Струмица, како и со Давос Инвест ДООЕЛ Скопје за вршење на стручен надзор.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид мислењето на Министерството за финансии во кое се наведува дека при утврдување на динамиката на реализациија и плаќање на обврските по склучени повеќегодишни договори за изградба на објектите во ВПД Тетово, Општина Брвеница во рамки на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи“, да се имаат предвид максималните износи на расходи и истите соодветно да се планираат со буџетските барања.

**Точка 25**

Владата ја повлече од Дневен ред Информацијата со барање за отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка и акционен план за реконструкција, пренамена и адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево - Втора Фаза, на Предлог на Асим Муса, заменик на министерот за здравство.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведена постапка по објавен оглас за избор на Национален координатор за трансплантација на Република Македонија, со Предлог-решение (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за избор на Национален координатор за трансплантација, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас јагленороден двооксид $CO_2$ на локалитетот „Попојци“, во близина на с. Долно Оризари, Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „с.Извор”, Општина Чашка, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - оникс и травертин на локалитетот „Поле” с.Бешиште, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „Белутраци”, с.Крива Круша, Општина Чашка, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на локалитетот „Виничко Поле”, Општина Виница, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Идризово“, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Бадар Летевци“, Општина Петровец, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал - груп ДОО Струмица, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење во однос на платените давачки кон Управата за јавни приходи.

## Точка 36

Владата ги донесе:

1. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“;

2. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“;

3. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мантово“;

4. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“;

5. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Стрежево“;

6. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Крушевска“;

7. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Козјак“;

8. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глобочица“;

9. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“;

10. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мавровица“;

11. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Паљурци“;

12. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“;

13. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“;

14. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“;

15. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демир Каписки“;

16. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна река 4“;

17. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“;

18. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“ и

19. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“, во предложените текстови.

## Точка 37

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за определување на бројот на кандидатите кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, во студиската учебна 2018/2019 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Општина Росоман, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница Струмица, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1836 и Имотен лист бр. 26787 за КО Јурумлери на КП бр. 435, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да достави мислење по Понудата.

## Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93497 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.12665 и КП бр.12666 и КП бр.12662 викано место Лака и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 43

**1.** Владата го разреши Арменд Шаќири од должноста директор на КПУ Казнено поправен дом од отворен вид Струга, на негово барање.

**2.** Владата на Мутаир Максуд му утврди престанок на правото за остварување на плата по престануавање на функцијата, заклучно со 31.7.2018 година, поради лични причини.

**3.** Владата го разреши Ванчо Србаковски од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”-П.О. Скопје, поради судир на интереси.

**4.** Владата ја разреши Валентина Николоска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ за деца - детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар.

4.1. Владата ја именува Дашурије Абдула за член на Органот за надзор на ЈУ за деца - детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар.

**5.** Владата го разреши Трајче Нешковски од должноста член на Управниот одбор на Централен регистар на Република Македонија.

5.1. Владата го именува Асим Феризи за член на Управниот одбор на Централен регистар на Република Македонија.

**6.** Владата ги одложи од разгледување предлозите за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, поради дополнителни усогласувања.
**7.** Владата ги одложи од разгледување Предлогот за разрешување и именување на член на Управен одбор претставници на основачот на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија.

## Точка 44

**1.** Во врска со Изводокот од Нацрт - записникот од 77-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.7.2018 година, точка 44 - Прашања и предлози во врска со состојбата во компанијата „11 Октомври - Еурокомпозит" АД Прилеп, Владата заклучи заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

- Се задолжува „11 Октомври -Еурокомпозит АД Прилеп" да достави барање за позајмица од вкупно 11 милиони денари (и тоа 6.000.000 денари од АД ЕЛЕМ- Скопје и 5.000.00О денари од АД МЕПСО-Скопје).

**2.** По повод Информацијата за проблемите со кои се соочува Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје, разгледана на Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија (точка 21), одржана на 15.2.2017 година и со која е формирана работна група за разгледување на можностите за зголемување на финансиските капацитети на Друштвото, Владата заклучи:

- да престане да важи Заклучокот од точка 21 од Деведесет и четвртата седница на Владата, одржана на 15.2.2017 година.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 2.7.2018 година до 8.7.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**4.** Владата во Комисијата за јавно - приватен дијалог, согласно член 7 од Меморандумот за соработка за воспоставување на јавно - приватен дијалог, склучен во Скопје на 9.5.2018 година, помеѓу Владата на Република Македонија (претставувана од претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев) и Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на Стопански комори на Македонија за претставник и негов заменик како договорна страни ги именува:

- Софче Јовановска, од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економски ресори, Кочо Анѓушев (претставник).

- Стојне Данилова Иваноски од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економски ресори, Кочо Анѓушев (заменик претставник)

**5.** Владата ги задолжи институциите наведени во Табеларниот преглед (Листа на субјекти без поднесен извештај за јуни и без регистрација во ЕСПЕО), кои воопшто не се регистрирани веднаш да пристапат кон регистрација во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските на линкот:
https://peo.finance.gov.mk/Account/Register

и да доставaт писмено барање за регистрација до Министерството за финансии достапно на линкот: https://peo.finance.gov.mk/Home/Upatstvo,

како и институциите кои се регистрирани, а согласно Законот немаат пријавено обврски за јуни, најдоцна до 13.7.2018 година да ги пријават обврските заклучно со 30.6.2018 година.

**6.** Владата го разгледа Известувањето бр.16-6759/1 од 9.7.2018 година, доставено од Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, согласно Заклучокот од 76-та седница на Владата, одржана на 26.6.2018 година, точка 39 (Прашања и предлози), а во врска со деталниот извештај за тоа кој има добиено финансиски средства наменети за финансирање на проектите од интерес на македонското национално малцинство (МНМ) и македонската дијаспора и за која намена истите ќе бидат потрошени, како материјал за информирање.

**7.** Владата, на Предлог на Бардуљ Даути, министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции заклучи да се измени Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, донесено на 71-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.6.2018 година и наместо Едрина Емини, член да биде Сали Ајдини, шеф на Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, Бардуљ Даути.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Барањето на Министерството за финансии за изземање на Заклучокот 2, во делот на Пред преминување на Дневен ред - Користење и имплементација на фондовите на Европската Унија - Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот (спроведување на ИПА), од Нацрт - записникот од 71-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.6.2018 година и заклучи истиот да престане да важи.

**9.** Владата го донесе Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, со кое за претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, се именуваат:

а) за претседател:

- Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи.

б) за членови:

- Горан Сугарески, министер за транспорт и врски,
- Асаф Адеми, министер за култура,
- Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора,

- Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија,
- Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија,
- Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка и

Иванна Хаџиевска Кошевалиски, протокол во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

**10.** Владата го задолжи Бирото за судски вештачења, да подготви и во рок од 30 дена, до Владата да достави проценка на имотот, вредноста и финансиската состојба на Друштвото за производство, промет и услуги ЕКОНОМИЈА - ИДРИЗОВО, ДООЕЛ Скопје.

**11.** Владата заклучи во Заклучокот донесен на 71-та седница на Владата, одржана на 5.6.2018 година (точка 42, Прашања и предлози), точката 2 да се дополни со следниот текст:

- „5.Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, вкупна површина 302 $м^2$, дел од кат 3 од објектот“

Истовремено, во заклучокот, во точка 3 да се избрише потточка 2, односно „Државен испитен центар, вкупна површина од 400 $м^2$ на кат 10 од објектот“.

**12.** По повод дадената изјава на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг и изразеното очекување за добивање на покана за Република Македонија за отпочнување на разговори за членство во Алијансата на претстојниот Самит што ќе се одржи на 11 и 12 јули 2018 година, имајќи ја предвид цврстата посветеност на НАТО и на евроатлантските интеграции како стратешка определба на Република Македонија, како и дадениот придонес и посветеност во процесот на пристапување, а во функција на навремено преземање на активности за одбележување на овој настан / ден и координирање и организирање на сите засегнати субјекти, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) На 14 јули 2018 година (сабота) да се организира централна прослава во град Скопје, како и прослави во други градови од Република Македонија и тоа: Куманово, Велес, Кавадарци, Кичево, Прилеп, Охрид, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Кочани, Струга, Гевгелија и Струмица.

2) Формира организационен одбор за одбележување на овој настан, во состав: Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка - како координатор на организациониот одбор и со следниве претставници: Сања Богатиновска, советник на претседателот на Владата и Илија Жупаноски, советник на претседателот на Владата.
3) Се задолжува Организациониот одбор да ги определи модераторите/водителите и уметниците кои ќе земат учество на претстојниот настан.

4) Се задолжува Организациониот одбор да подготви Сценарио за одбележување на секој настан поединечно.

5) Се задолжува Организациониот одбор на настаните да планира и предвиди присуство на владина делегација во секој од градовите.

6) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да спроведе соодветна постапка за јавна набавка за ангажирање на агенција за логистичка организација на овој настан, согласно член 17 од Законот за јавни набавки и да формира комисија за јавни набавки во состав
- Роберт Алаѓозовски
- Сања Богатиновска
- Илија Жупаноски
Се задолжува генералниот секретар Драги Рашковски во најкус можен рок по донесување на одлуката од страна на Комисијата за јавни набавки да го потпише договорот за набавка опишан погоре.

7) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да организира поставување на бина, осветлување и озвучување, во рамки на склучените (постојни) договори за набавка за организирање на вакви настани, а доколку се надмине износот за кој веќе има отпочнато постапка, да спроведе постапка за јавна набавка согласно член 99, став 1, алинеја 2 и 3 и да формира комисија за јавни набавки во состав
- Роберт Алаѓозовски
- Сања Богатиновска
- Илија Жупаноски
Се задолжува генералниот секретар Драги Рашковски во најкус можен рок по донесување на одлуката од страна на комисијата за јавни набавки да го потпише договорот за набавка опишан погоре.

8) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да склучи договори со секој од учесниците на претстојниот настан (модератори/водители и уметници), кои ќе бидат определени и ангажирани од страна на Организациониот одбор.

9) Се препорачува на Град Скопје и општините Куманово, Велес, Кавадарци, Кичево, Прилеп, Охрид, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Кочани, Струга, Гевгелија и Струмица, навремено да определат одговорни лица со нивни контакти и истите да ги достават до Организациониот одбор.

10) Се задолжуваат Службата за односи со јавност на Владата и советниците на претседателот на Владата, да подготват лого по повод претстојниот настан.
Притоа, логото да се достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на прославата.

11) Се задолжува Службата за односи со јавност на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да ги преземе сите неопходни активности за навремено и ефективно промовирање на овој настан преку националните телевизии и социјалните медиуми.

12) Се укажува на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, на овој ден да врши директен пренос од одбележувањето/прославите и тоа од неколку локации/градови.

13) Се задолжува Министерството за здравство, преку јавните здравствени установи во горенаведените градови да обезбеди дежурни медицински екипи (доволен број на медицински тимови и возила).

14) Се препорачува на Град Скопје и општините Куманово, Велес, Кавадарци, Кичево, Прилеп, Охрид, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Кочани, Струга, Гевгелија и Струмица, да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува прославата.

15) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата во горенаведените градови.

16) Се препорачува ЕВН Македонија да обезбеди електрично напојување за сите локации каде што ќе се одржуваат настаните.

17) Се задолжува Организациониот одбор да го пријави настанот во ЗАМП.

18) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да ги исплати сите трошоци за ЗАМП.

19) Трошоците во врска со организирање на настанот да се исплатат од Буџетот на Влада на Република Македонија за 2018, раздел 04001, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 10-Администрација, ставка 425 Договорни услуги.

## Точка 45

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на судскиот буџет за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи при подготвувањето на Извештајот за извршување на судскиот буџет за 2018 година, како и на соодветните извештаи за наредните години, Судскиот буџетски совет да ги има предвид забелешките наведени во мислењата на Министерството за правда и Министерството за финансии што се однесуваат на податоците наведени во овој извештај, чиј текст не може да биде предмет на дополнителни измени, бидејќи истиот е веќе усвоен од Судскиот буџетски совет.

## Точка 46

Владата го разгледа Извештајот за работата на Јавното претпријатие Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 47

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година, со дополнувањето кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Оперативниот план на активностите за имплементација на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на нови договори за користење на капацитетите за сместување и исхрана на студенти со Приватната установа Студентски дом „Хилјадников“ во Штип, Приватната установа Студентски дом „ОАЗА“ во Штип и со Приватната установа Студентски дом „Логос“ во Штип, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за мај 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за Четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, Брисел, 13 јули 2018 година, со платформа за настап на македонската делегација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластуваат членовите на делегацијата на Владата на Република Македонија, предводена од министерот за надворешни работи, Никола Димитров, да ги презентираат ставовите содржани во платформата.
2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до 31 август 2018 година, да ја информира Владата за резултатите од состанокот.
3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во духот на воспоставената пракса на претходна размена на позициите за настап меѓу Република Македонија и Европската Унија, да ги достави до Европската Унија ставовите на Република Македонија согласно платформата за настап на делегацијата на Република Македонија на Четиринаесеттиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација најдоцна до 11 јули 2018 година.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за барање за упатување на предметот Бекташиска заедница и др. против Република Македонија, А.бр. 48044/10, 75722/12 и 25176/13, пресуда на Европскиот суд за човекови права од 12.4.2018 година до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права, ја усвои Информацијата и заклучи да поднесе барање за упатување на пресудата од 12.4.2018 на Европскиот суд за човекови права во случајот Бекташиска заедница и др. против Република Македонија, А.бр.

48044/10, 75722/12 и 25176/13, на преиспитување до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „THRACIAN SUMMER 18“, во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на НАТО „КФОР“ во Република Косово (нов текст), ја утврди Предлог-одлуката и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, со Предлог Собранието да ја донесе Одлуката.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан, ја утврди Предлог-одлуката и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, со Предлог Собранието да ја донесе Одлуката.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од формирање на Работна група за координација и следење на имплементацијата на мерките содржани во Извештајот за напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, донесена на неговата 41. сесија (Краков, Полска 2017 година) за состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион - добро впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за култура во рок од пет дена да формира Работна група во следниот состав: Асаф Адеми, министер за култура - претседател, Донка Барџиева - Трајковска, надворешен советник за заштита на културно наследство - член, Елеонора Петрова, директор на Управата за заштита на културното наследство - член, Христијан Ѓорѓиевски, советник на претседателот на Владата на Република Македонија - член, делегиран висок претставник од Министерството за транспорт и врски - член и претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, што ќе го определи министерот за животна средина и просторно планирање за член.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на книги од проектите „Светско книжевно богатство" и „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа" со Прилог-листи за достава на книгите од проектите, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветни Предлог-одлуки за престанок и давање на користење движни ствари (книги), согласно предложените листи во оваа информација.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на јавен оглас бр.04/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за давање на заем на 11 ОКТОМВРИ - ЕУРОКОМПОЗИТ АД - Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје во државна сопственост (во врска со донесувањето на Одлуката УО бр.02-4359/1 од 10.7.2018 година за склучување на Договор за позајмица на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ" АД Прилеп), во предложениот текст.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Кочо Анѓушев**